

Анализа на јавното мислење бр.04/2022

-

# Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2021)

Автор: Иван Дамјановски

-

февруари 2022

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

*Гледиштата изразени во овој документ се на авторот и не нужно ги одразуваат гледиштата на Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија "Социетас Цивилис" - Скопје.*

# Импресум

**Наслов:** Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2021)

**Издавач:** Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје

**Автор:** Иван Дамјановски

**Превод:** Гордан Танасков

**Дизајн:** Дејан Кузмановски

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**

https://www.kas.de/en/web/nordmazedonien
http://www.idscs.org.mk

# Резиме на резултатите

- Новата блокада на процесот на пристапување на Македонија во ЕУ не ја промени значително поддршка кај јавноста за членство во ЕУ
- Во 2021 година, 68% од населението ја поддржува идејата за членство во ЕУ
- Значително намалување има и во процентот на испитаници кои се отворено евроскептични
- Постои меѓуетнички јаз во поддршката за членство во ЕУ меѓу двете најголеми етнички заедници во земјата - Македонците и Албанците.
- Исклучително висок процент на етнички Албанци (82%) го поддржуваат македонското членство во ЕУ
- 63% од етничките Македонци ја поддржуваат европската интеграција на државата
- Нивото на образование и понатаму е позитивен предиктор во однос на поддршката за членството во ЕУ
- Постарите категории на испитаници во поголем процент го поддржуваат членството во ЕУ
- Половина од населението го смета членството во ЕУ како многу важно
- 80% од населението му придава одредена важност на процесот на пристапување кон ЕУ
- Речиси 40% од испитаниците се убедени дека земјата е подготвена за членство, што е одраз на недостатокот на информации во врска со процесот на пристапување.
- Повеќе од една третина од населението смета дека земјата не остварила никаков напредок во процесот на пристапување во споредба со 2020 година

- Македонците се попесимистички настроени во однос на Албанците околу напредокот во процесот на пристапување во ЕУ во изминатата година
- Најголем дел од испитаниците (43%) ги обвинуваат опструкциите од соседните земји кои се членки на ЕУ за немањето напредок во пристапниот процес и за тоа зошто земјата не е членка на ЕУ.
- Повеќе од една третина од населението им дава приоритет на домашните фактори како причина за недостаток на напредок во процесот на пристапување
- Една третина од населението смета дека Северна Македонија никогаш нема да стане членка на ЕУ
- Повеќе од една третина од населението има мошне нереални очекувања дека Северна Македонија би можела да стане членка на ЕУ во следниве пет години
- Ова е показател дека на населението му недостасуваат информации во врска со треакторијата и временската рамка на процесот на пристапување
- Рационалистичко-утилитарните фактори и понатаму се главните детерминанти за поддршката на членството во ЕУ
- Мнозинството од испитаниците кои го поддржуваат членството на Северна Македонија во ЕУ ги засноваат ваквите преференции врз очекувања на идни економски придобивки
- Очекувањата за подобрување на животниот стандард благодарение на членството во ЕУ и понатаму се најчеста детерминанта на поддршка
- Економскиот развој, намалувањето на невработеноста, квалитетот на животот и подобрувањето на инфраструктурата се сметаат за клучни области на кои позитивно би влијаело членството во ЕУ.
- Идентитеските и вредносните факторите и понатаму се најдоминантни предиктори на евроскептицизмот
- Незадоволството поради уставните промени во државата, културолошките закани врз националниот идентитет и губењето на суверенитетот се посочени како важна мотивација

за одлуката на испитаниците да не го поддржат македонското членство во ЕУ.

- Поддршката за членство во ЕУ кај симпатизерите на СДСМ ги одразува ставовите на партиското раководство и го надминува прагот од 90 отсто.

- Членството во ЕУ е поддржано од мнозинството симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ

- Се намалува процентот на евроскептични ставови кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ

- Постои значителна разлика во перцепциите кај поддржувачите на двете политички партии во врска со процесот на пристапување во ЕУ

- 70% од симпатизерите на СДСМ се со став дека земјата во изминатава година оствари значителен напредок во евроинтегративните процеси. За разлика од тоа, 60% од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека државата воопшто не напредувала или дека назадувала во текот на 2021 година.

- 60% од симпатизерите на СДСМ се убедени дека земјата е подготвена за членство. Напротив, 70 % од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека земјата не е подготвена за членство.

# Вовед

Поддршката за членство на Македонија во Европската Унија (ЕУ) и нејзиниот пристапен процес се јавува како предмет на бројни истражувања на јавното мислење. Меѓутоа, најголемиот број од овие истражувања се од ad hoc природа и ретко кога се врамени во лонгитудинална и конзистентна методолошка рамка. Постои очигледен недостаток од унифицирани бази на податоци кои би понудиле повторливи истражувања на јавното мислење кои би ги мереле ставовите на јавноста низ воедначена и кохерентна методолошка рамка преку повеќегодишни временски периоди. Со цел да се пополни оваа празнина, Институтот за демократија „Социетас Цивилис"- Скопје и Фондацијата Конрад Аденауер во 2014 година започнаа со воспоставување на лонгитудинална база на податоци за јавната поддршка на пристапниот процес и членството на Македонија во ЕУ која би се создавала преку годишни истражувања на јавното мислење засновани на кохерентна методологија и мерење на идентични прашања. Оваа база на податоци се сосредоточува на две димензии на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон ЕУ коишто се адресираат во секое годишно истражување, а чиешто мерење се ефектуира преку користење на идентична батерија на анкетни прашања.

Едната димензија се однесува на утврдување на општи трендови на јавната поддршка на членството на Македонија во ЕУ. Втората цел е да се воспостават детерминанти за таквата поддршка преку долгорочна анализа на влијанието на три фактори: рационалистичко-утилитарни, идентитетски и сугестии од политички

елити и политички партии. Ваквата акумулација на споредливи податоци го отвора патот за воспоставување на посериозни лонгитудинални анализи на поддршката за членството на Македонија во ЕУ. Притоа, како надополнување на овој унифициран дизајн, секое годишно истражување понатаму го испитува и јавното мислење за евроинтеграцискиот процес, низ призма на актуелни теми специфични за конкретни временски периоди.

Појдовна точка на ваквиот пристап се наодите на монографијата „Јавното мислење и процесот на пристапување на Македонија кон Европската Унија (2004-2014)[1]", објавена во 2014 година, која воедно ги вклучува и податоците од истражувањето на јавното мислење спроведено во 2014 година, а кое претставува референтна методолошка точка за сите подоцнежни истражувања. Оваа опсежна студија оствари две цели. Прво, утврди општи трендови на поддршка на членството на Македонија во ЕУ кои укажуваат на корелација помеѓу динамиката на поддршката за членство во Европската Унија и развојот на македонскиот процес на пристапување кон ЕУ манифестирана во два временски периоди: 2004-2009 како период на конзистентна и исклучително висока поддршка и 2010 - 2014 како период на постепен пад на поддршката за членство во ЕУ. Второ, студијата воспостави аналитички модел на детерминантите на поддршката за членство во ЕУ преку соодносот на три фактори на креирање на јавни ставови:

1 Дамјановски, Иван. "Јавното мислење и пристапувањето на Македонија кон Европската унија (2004-2014)", Фондација Конрад Аденауер / Институт за демократија „Социетас Цивилис" – Скопје, 2014

рационално-утилитарни, идентитетски и сугестивно влијание на политичките партии.[2] Рационално-утилитарната рамка ја претпоставува важноста на калкулацијата на материјални придобивки како главен двигател на ставовите на поединците за поддршка на процесот на европска интеграција. Во овој контекст, поддршката може да се заснова на моментални или идни перцепции околу личната или општествената корист од пристапувањето кон Европската Унија. Од друга страна, поддршката на процесот на европска интеграција може да биде резултат и на влијанието на идентитетски и вредносни фактори кои го обликуваат светогледот на поединецот, кој следствено е основа за формирањето на ставовите кај поединецот. Притоа, степенот на национална самоидентификација и чувството за културолошка закана се манифестираат како примарни фактори за варијација во ставовите. Конечно, формирањето на јавните ставови околу членството во Европската Унија може да биде и резултат на влијание на политичките партии кои се способни своите ставови околу одредени важни општествени прашања да ги наметнат на своите симпатизери. Оттука, се претпоставува дека разликите во ставовите околу процесот на европска интеграција зависат од воедначеноста на ставовите на политичките партии околу ова прашање.

[2] За поопсежно теоретско објаснување на моделот, види: ibid, стр. 13-24

# За истражувањето

Оваа анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување во Европската Унија спроведена во 2020 година се надоврзува на истражувањата спроведени во 2014, 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 година. Таа го користи истиот теоретско-аналитички модел на утврдување на детерминантите на поддршка на членството на Македонија во ЕУ, а истовремено своите емпириски наоди ги споредува со наодите од истражувањата од претходните истражувања.

Примарните податоци кои се користени во оваа анализа произлегуваат од анкетно истражување на јавното мислење спроведено во текот на месец ноември, 2021 година на примерок од 1000 испитаници. Примерокот е национално репрезентативен според пол, возраст (над 18 години), етничка припадност и исто така, покрива испитаници од сите шест изборни единици во земјата. Резултатите се претставени во проценти и се предмет на грешка од ±3%.

Ова истражување користи иста методологија и прашалник како анкетните истражувања спроведени во минатите години. Со ваквиот пристап се создаваат услови за мини лонгитудинална анализа на поддршката за пристапувањето на Македонија кон Европската Унија во последните шест години. Оттука, во согласност со претходно воспоставениот аналитички модел, оваа студија се фокусира на анализирање на општите трендови и на основните детерминанти на поддршка за членството на Македонија во Европската Унија во периодот 2014-2021 год.

# Општи трендови

Јавната поддршка за членство во ЕУ во Северна Македонија постепено се намалува во период од повеќе од една деценија. Овие трендови се во корелација со континуирано нискиот кредибилитет на перспективата за пристапување на земјата кон ЕУ, што пак беше предизвикано од повеќе фактори. Пристапниот процес првично беше закочен поради деценискиот спор за името со Грција, кој конечно беше решен со ратификацијата на Договорот од Преспа во 2019 година. Сепак, решението на спорот за името не ги исполни очекувањата за забрзување на процесот на пристапување кон ЕУ, бидејќи предлогот на Европската комисија за почеток на пристапните преговори со Северна Македонија беше блокиран поради барањата на францускиот претседател Макрон за реформа на политиката за проширување на ЕУ кон Западниот Балкан. Додека усвојувањето на „Новата методологија“ за проширување на ЕУ од страна на Европскиот совет во март 2020 година донесе оптимизам во поглед на перспективите за унапредување на процесот на пристапување, сите очекувања набргу се соочија со ќорсокак поради одлуката на бугарската влада во декември 2020 година да го блокира усвојувањето на преговарачката рамка на ЕУ со Северна Македонија поради билатерален спор заснован на прашања поврзани со националниот идентитет. Ова ефективно го одведе кредибилитетот на процесот на пристапување во 2021 година на исклучително ниско ниво. И покрај одредени напори на властите на двете земји да го надминат спорот и да го отклучат почетокот на пристапните преговори, тие не успеаја да постигнат заеднички договор, што значеше дека пристапувањето на Северна Македонија кон ЕУ остана блокирано во текот на 2021 година.

Сепак, новата блокада на пристапниот процес не ја промени значајно јавната поддршка за членство во ЕУ. Инкременталните трендови на поддршка за членство во ЕУ кои опаѓаа со текот на деценијата конечно се свртија во обратна насока во

2020 година, кога бевме сведоци на благ пораст на јавната поддршка во споредба со 2019 година. Во 2021 година, процентот на поддржувачи на членството на Северна Македонија во ЕУ е речиси идентичен со оној во 2020 година, односно 68% (графикон 1). Оттука, новиот ќорсокак во пристапниот процес немаше значително влијание врз перцепциите на јавноста за членството во ЕУ. Иако е премногу рано да се каже, ваквата дистрибуција на ставовите потенцијално може да значи стабилизирачки тренд на поддршката за членство во ЕУ врз основа на долгорочните очекувања од придобивки кои би ги донело членството во ЕУ. Од друга страна, значително намалување има и во процентот на испитаници кои се отворено евроскептични. Така, на пример, во 2021 година само 10% од населението би гласало против членството во ЕУ на евентуален референдум, што е 13% помалку отколку во 2020 година. Меѓутоа, како што може да се види на графиконот 1, овие ставови не се претворија во позитивни перцепции за членството во ЕУ, туку напротив транзитираат во демографските групи на неопределени и „не знам". Уште еден феномен што се повторува во изминатава деценија е меѓуетничкиот јаз во поддршката за членство во ЕУ меѓу двете најголеми етнички заедници во земјата - Македонците и Албанците. Во 2021 година, оваа поделеност е сè уште забележителна.. Многу висок број на Албанци (82%) го поддржуваат членството на Северна Македонија во ЕУ, 6% повеќе отколку во 2020 година; речиси идентично со резултатите од истражувањето од 2019 година. Кај Македонците, пак, европската интеграција на земјата ја поддржуваат 63% од испитаниците, додека 12% се евроскептици. Сепак, тоа е за 10% помалку во споредба со претходната година. Слично на општата дистрибуција на ставови, забележуваме значителен пораст на неопределени испитаници и на испитаници кои воопшто не би гласале на хипотетички референдум за членство во ЕУ. Степенот на образование и понатаму е позитивен индикатор за поддршка за членството во ЕУ, бидејќи испитаниците со високо образование имаат тенденција повеќе да го поддржуваат процесот на пристапување во ЕУ.

Споредбено, повозрасните категории на испитаници даваат поголема поддршка за членството во ЕУ. Само 53% од испитаниците кои се помлади од 30 години отворено го поддржуваат членството на Северна Македонија во ЕУ. Висок процент (40%) од оваа демографска група е или неопределен или нема да гласа на хипотетички референдум.

**Графикон 1.**[3] Ако следната недела се оддржи референдум за влез на Република Северна Македонија во ЕУ, како би гласале вие?




Евидентна е значајна промена во распределбата на ставовите за важноста на членството во ЕУ (табела 1). Иако постои силна конзистентност во изминативе години кај населението кое членството во ЕУ воопшто не го смета за важно (16% во 2021 година, исто како и претходната година), има забележителни поместувања на фреквенциите кај позитивните

[3] As the decimal numbers were rounded off, the total may not be 100% (this remark applies to all graphs and tables).

скалила на важност. Така, во 2021 година, половина од целокупното население смета дека членството во ЕУ е многу важно, што е за 15% повеќе од претходната година. Дополнително, кумулативните проценти од позитивните скалила укажуваат на тоа дека приближно 80% од населението му придава одредено значење на процесот на пристапување кон ЕУ.

Меѓуетничкиот јаз е евидентен и во оваа категорија. На пример, само 7% од Албанците сметаат дека членството во ЕУ не е воопшто важно, наспроти 20% од Македонците во истата категорија. Слично на ова, многу висок процент од испитаниците Албанци (73%) сметаат дека членството во ЕУ е многу важно за нив лично. Ова мислење го делат 41% од испитаниците Македонци.

### Табела 1.

| Колку за вас лично е важно Северна Македонија да стане членка на ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Многу важно | 48 | 48 | 54 | 56 | 36 | 36 | 51 |
| Донекаде важно | 36 | 29 | 20 | 24 | 35 | 34 | 26 |
| Донекаде неважно | 5 | 5 | 6 | 5 | 10 | 13 | 5 |
| Воопшто не е важно | 10 | 16 | 18 | 14 | 18 | 16 | 16 |
| Не знам | 1 | 1 | 1,5 | 1 | 1 | 1 | 2 |
| Нема одговор / одбива да одговори | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Нестабилноста во дистрибуцијата на ставовите во однос на прашањето дали Северна Македонија е подготвена за членство во ЕУ дополнително се потврдува и со резултатите од истражувањето во 2021 година. За разлика од попозитивните изгледи во 2020 година, кога речиси половина од населението сметаше дека земјата е подготвена за членство во ЕУ; во 2021 година ова мислење го делат 37% од испитаниците (графикон 2).

Спротивно на тоа, расте процентот на испитаници кои сметаат дека земјата не е подготвена за членство. Иако ваквиот развој на настаните можеби е индикатор на поизбалансирана и пообјективна перцепција за тоа каква е состојбата во пристапниот процес на Северна Македонија, немањето на долгорочна конзистентност на трендовите во врска со оваа варијабла упатува на тоа дека, генерално, македонската популацијата нема детално познавање на процесот на пристапување кон ЕУ и разбирање за тоа каква е оценката на ЕУ институциите за напредокот на државата во исполнувањето на критериумите за членство.

**Графикон 2.**[4] Дали сметате дека Северна Македонија е подготвена за членство во ЕУ?




[4] Графиконот не ги содржи вредностите за испитаниците кои одбиваат да одговорат на прашањето. Во сите случаи, овие вредности се еднакви или помали од 1%.

Сличен тренд на поурамнотежени перцепции може да се примети и во согледувањата на јавното мислење во врска со степенот на напредокот кој го остварила земјата во процесот на пристапување во ЕУ во текот на 2021 година (табела 2). Додека дистрибуцијата на ставовите на оние испитаници кои сметаат дека земјата има значителен напредок во претходната година е постојано ниска (11% во 2021 година), забележителни се разлики во фреквенциите кај останатите категории. Трендови на намалување може да се забележат кај оние испитаници кои веруваат дека земјата донекаде напредувала (27%, што е намалување од 11% во споредба со 2020 година); и кај оние испитаници кои констатирале само маргинални подобрувања во процесот на пристапување кон ЕУ (27%, што е намалување од 6% во споредба со 2020 година). Од друга страна, повеќе од една третина од населението (13% повеќе од 2020 година) смета дека земјата не постигнала никаков напредок во споредба со 2020 година. Оваа прилично реалистична дистрибуција на перцепциите содржана во истражувањето за 2021 година веројатно е во корелација со новата реалност во врска со новата блокада на аспирациите за пристапување на Северна Македонија кон ЕУ. Погоре споменатата меѓуетничка поделба е очигледна и во овој случај. Се чини дека Македонците имаат попесимистички ставови во врска со динамиката на процесот на пристапување на Северна Македонија во 2021 година, мислење кое исто така беше конзистентно присутно и во претходните истражувања. Приближно 40% од оваа демографска група верува дека земјата не постигнала никаков напредок во текот на 2021 година. За разлика од тоа, повеќе од половината од испитаниците Албанци претпоставуваат дека земјата постигнала значителен или умерен напредок во процесот на пристапување во ЕУ во текот на претходната година.

Табела 2.

| Во однос на изминатата година, колку сметате дека Северна Македонија напреднала во процесот на европска интеграција? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Многу напреднала | 14 | 11 | 13 | 13 | 11 | 10 | 11 |
| Донекаде напреднала | 33 | 28 | 31 | 25 | 27 | 38 | 27 |
| Малку напреднала | 20 | 20 | 20 | 28 | 23 | 27 | 21 |
| Воопшто немало напредок | 26 | 30 | 27 | 30 | 33 | 20 | 33 |
| Се случило назадување | 5 | 7 | 2 | 2 | 5 | 5 | 4 |
| Не знам | 2 | 3 | 7 | 2 | 1 | 1 | 3 |
| Нема одговор / одбива да одговори | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 |

Се забележува значителна разлика и во перцепциите во врска со факторите кои придонесуваат за фактот дека Северна Македонија не е членка на ЕУ (графикон 3). Очекувано, најголем дел од испитаниците (43%) ги обвинуваат опструкциите од соседните држави кои се членки на ЕУ. Резултатите се конзистентни со неодамнешните случувања во врска со одлуката на Бугарија да го блокира пристапниот процес и почетокот на пристапните преговори на Северна Македонија со ЕУ, и покрај тоа што интензитетот е помал во однос на 2020 година. Од друга страна, бројот на испитаници кои им даваат приоритет на домашните фактори, како што е неуспехот на реформскиот процес како главна причина зошто земјата не е во ЕУ, се зголеми за 15%. Оваа група сега опфаќа повеќе од една третина од целокупното население. Спротивно на тоа, во изминативе три години, бројот на испитаници кои ја обвинуваат неподготвеноста на ЕУ да ја прифати земјата како нова членка постојано се намалува.

**Графикон 3.**[5] Според вас, која е главната причина зошто Северна Македонија сè уште не е членка на ЕУ?




Конечно, напливот на оптимистички очекувања во однос на временскиот период потребен да се оствари членството Северна Македонија во ЕУ, кој беше евидентен во резултатите добиени од истражувањето во 2020 година, се неутрализира со мошне пореални перцепции во 2021 година. Како што се гледа во табелата 3, релативно висок број на испитаници (18%) сепак сметаат дека Северна Македонија ќе стане членка на ЕУ во следните три години. Од друга страна, процентот на испитаници кои очекуваат членство во ЕУ во следните пет години бележи рапидно намалување на 16% (во споредба со 28% во 2020 година). Пореалното сценарио за членство во рамките на следната деценија исто така има помалку приврзаници во 2021 година во споредба со претходната

5 Графиконот не ги содржи вредностите за испитаниците кои одбиваат да одговорат на прашањето. Во сите случаи, овие вредности се еднакви или помали од 2%.

година. Највпечатлив пресврт во перцепцијата на јавноста во врска со перспективите за членство во ЕУ е забележлив кај песимистичката група на испитаници. Во текот на 2021 година, делот од населението кој смета дека Северна Македонија никогаш нема да стане членка на ЕУ двојно се зголеми и достигна максимална вредност од речиси 30% (во целиот период од 8 години на спроведување на анкетите). Мошне неконзистентната распределба на ставовите во лонгитудиналната презентација на резултатите сугерира дека испитаниците ги оформуваат своите очекувања за изгледите за членство во ЕУ во однос на флуктуациите на кредибилитетот на пристапниот процес. Резултатите од истражувањето, исто така, сугерираат дека населението не е добро информирано за траекторијата и за очекуваното времетраење на процесот на пристапување кон ЕУ. Па така, повеќе од една третина од населението споделува прилично нереални очекувања дека Северна Македонија би можела да стане членка на ЕУ во следниве пет години.

### Табела 3.

| Кога сметате дека Северна Македонија ќе стане членка на ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Во наредните 3 години | 14 | 18 | 27 | 23 | 14 | 20 | 18 |
| Во наредните 5 години | 18 | 22 | 22 | 25 | 20 | 28 | 16 |
| Во наредните 10 години | 21 | 18 | 12 | 17 | 21 | 25 | 18 |
| Во наредните 20 години | 12 | 7 | 7 | 14 | 16 | 9 | 11 |
| Никогаш | 23 | 25 | 20 | 17 | 24 | 15 | 29 |
| Не знам / нема одговор | 11 | 10 | 11 | 5 | 4 | 3 | 8 |

# ДЕТЕРМИНАНТИ НА ПОДДРШКАТА НА ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

## Рационалистичко-утилитарни фактори

Лонгитудиналните анализи на нашите бази на податоци, но и претходните истражувања во врска со јавното мислење околу процесот на пристапување на Северна Македонија во ЕУ, несомнено укажуваат на доминација на рационалистичко-утилитарните фактори во формирањето на ставовите кои се однесуваат на поддршката за членство во ЕУ. Македонскиот граѓанин со голема веројатност ќе го поддржи членството на Северна Македонија во ЕУ поради очекувањата за економски придобивки кои произлегуваат од процесот на европска интеграција. Поконкретно, тие очекувања се од социотропна природа, што значи дека се засноваат на очекување на *идни* економски награди за општеството како целина, наместо на лични придобивки сега и веднаш.

Резултатите од истражувањето од 2021 година дополнително ја потврдуваат оваа претпоставка. Мнозинството од испитаниците кои го поддржуваат членството на Северна Македонија во ЕУ го засноваат својот став на очекување од идни економски придобивки (табела 4). Очекувањата за подобрување на животниот стандард благодарение на членството во ЕУ и понатаму се најчестата детерминанта на поддршката на пристапниот процес (23%). Кога ова ќе се доведе во врска со останатите економски/материјални варијабли (како што се намалување на невработеноста, полесен

пристап до работа во странство), кумулативниот број на испитаници кои својата поддршка за членство во ЕУ ја засноваат на рационалистички претпоставки го надминува прагот од 50%. Од друга страна, сè поголем е бројот на испитаници кои придобивките од процесот на пристапување во ЕУ ги перципираат од нематеријален аспект. Па така, 20% од населението својата поддршка ја базира на претпоставката дека членството во ЕУ ќе донесе поголема стабилност и сигурност на земјата. Идеолошките фактори, како што се унапредувањето на демократијата или „чувството на припадност кон европското семејство“ исто така стануваат пофреквентни. Како што може да се забележи во табелата 4, во изминативе три години постои значително ниво на конзистентност во дистрибуцијата на ставовите помеѓу сите варијабли.

### Табела 4.

| Која е причината за вашиот глас за членство во ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Унапредување на животниот стандард | 29 | 46 | 51 | 36 | 22 | 21 | 23 |
| Намалување на невработеноста | 26 | 17 | 23 | 22 | 18 | 19 | 16 |
| Унапредување на демократијата | 10 | 5 | 7 | 9 | 13 | 13 | 14 |
| Мобилност на работници/ полесен пристап до работа во странство | 3 | 10 | 5 | 6 | 15 | 16 | 14 |
| Чувство на припадност кон „европското семејство на држави“ | 2 | 5 | 2 | 4 | 13 | 13 | 12 |
| Поголема сигурност и стабилност на државата | 27 | 16 | 12 | 23 | 19 | 19 | 20 |
| Не знам / нема одговор | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |

Сличен конзистентен тренд во изминативе три години може да се забележи и кај дистрибуцијата на ставовите во однос на очекувањата на испитаниците за областите од општеството на кои членството на Северна Македонија во ЕУ би имало позитивно влијание. Повторно, рационалистичката/утилитарна претпоставка се потврдува и тука, со оглед на тоа што економските аспекти се фаворизирани од мнозинството од испитаниците (табела 5). Очекувањето за економски развој (19%), намалување на невработеноста (15%) и квалитетот на живот (15%) се најчестите преференции на испитаниците. Од друга страна, 12% од населението смета дека членството во ЕУ значително ќе го подобри почитувањето на човекови права во земјата.

**Табела 5.**

| На која област најпозитивно ќе влијае членството на Северна Македонија во ЕУ ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Развој на економијата | 23 | 25 | 25 | 20 | 18 | 19 | 19 |
| Стабилност | 13 | 15 | 15 | 13 | 14 | 12 | 13 |
| Намалување на невработеноста | 23 | 18 | 21 | 19 | 20 | 21 | 15 |
| Човекови права и слободи | 12 | 9 | 12 | 14 | 12 | 11 | 12 |
| Подобрување на инфраструктурата | 6 | 5 | 5 | 9 | 11 | 13 | 11 |
| Квалитетот на животот во целина | 16 | 18 | 11 | 13 | 17 | 16 | 15 |
| Зајакнување на националниот идентитет | 3 | 4 | 4 | 7 | 3 | 5 | 9 |
| Друго | 1 | 3 | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 |
| Не знам | 3 | 3 | 6 | 3 | 3 | 1 | 2 |

# Идентитетски и вредносни фактори

Трендовите во изминативе пет години укажуваат на тоа дека постои силна корелација помеѓу идентитетските и вредносните факторите, и евроскептичните ставови.[6] Оваа тенденција е евидентна и во резултатите од истражувањето од 2021 година. И покрај малото зголемување на фреквенциите кај економските предиктори на евроскептицизмот, идентитетските и вредносните фактори и понатаму се најважните причини за формирањето на ставови кои се конфронтираат со идејата за членство во ЕУ (табела 6). Жалбите во врска со промената на уставното име на државата (16%), културолошките закани за националниот идентитет (14%) и губењето на суверенитетот (11%) се посочени како важни мотиви за одлуката на испитаниците да не дадат поддршка за македонското членство во ЕУ. Во споредба со претходната година, најголемото поместување во јавната перцепција кај оваа група на испитаници може да се забележи во дистрибуцијата на фреквенции кај варијаблата „ЕУ не нѐ сака". Процентот на испитаници кои се сомневаат во отвореноста на ЕУ за прием на нови членки е двојно зголемен во текот на 2021 година (достигнувајќи 20%). Голема е веројатноста дека оваа промена е одраз на внатрешните случувања во 2021 година внатре во ЕУ во однос на политиката на проширување , од една страна, и намалувањето на кредибилитетот на процесот на пристапување поради неодамнешната блокада на пристапните преговори.

---

[6] За повеќе информации во врска со промените кај трендовите на внимание на идентитетските и вредносните фактори врз евроскептичните ставови, cf. Дамјановски, Иван и Кирхнер, Мари Јеленка. *Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската унија (2014-2018)*. Фондација Конрад Аденауер/ Институт за демократија „Социетас цивилис" - Скопје, 2019

Табела 6.

| Која е причината за вашиот глас против членството во ЕУ? | 2019 % | 2020 % | 2021 % |
|---|---|---|---|
| Влошување на животниот стандард | 12 | 9 | 13 |
| Загрозување на македонската економија | 7 | 9 | 13 |
| Промена на уставното име на државата | 21 | 20 | 16 |
| Губење на националниот идентитет | 17 | 23 | 14 |
| Ќе станеме премногу зависни од Брисел | 10 | 9 | 12 |
| Губење на суверенитетот и независноста на државата | 17 | 19 | 11 |
| ЕУ не нè сака | 16 | 11 | 20 |
| Не знам / нема одговор | 0 | 0 | 0 |

Сепак, овие ставови немаат директно влијание врз сопствената перцепција која македонските граѓани ја имаат за својот идентитет. Како што покажуваат податоците од табелата 7, се забележува значително намалување на процентот на испитаници кои се идентификуваат исклучиво како припадници на една етничка група. Сепак, и покрај ваквите случувања, ваквиот тип на себе-перцепција останува да доминира во македонското општество, бидејќи 60% од населението се идентификува исклучиво како Македонец, Албанец или како припадник на некоја друга етничка групи во земјата. Од друга страна, значително се зголемува чувството за неексклузивен, двоен идентитет, етнички и европски (25%). Како што беше потврдено и во претходните истражувања, ексклузивната идентификација со етно-национален идентитет не ја поткопува поддршката за членство во ЕУ, бидејќи дистрибуцијата на

ставовите во рамките на оваа група е речиси идентична со дистрибуцијата на ставови кај испитаниците кои декларираат и етнички и европски идентитет. Во двата случаи, дистрибуцијата на фреквенции е многу слична со општите резултати прикажани во графиконот 1. Очекувано, малиот примерок на испитаници кои се идентификуваат прво како европејци, а второ како припадници на одреден етникум, во огромно мнозинство (94%) го поддржуваат членството на Северна Македонија во ЕУ. Овие резултати се слични на констатациите во актуелната литература во врска со поддршката за членство во ЕУ во повеќето европски земји.

**Табела 7.**

| Пред сè, дали се чувствувате како: | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Само Македонец/ Албанец/ друг | 69 | 70 | 77 | 69 | 67 | 78 | 60 |
| Македонец/ Албанец/ друг и европеец | 20 | 20 | 15 | 20 | 24 | 14 | 25 |
| Европеец и Македонец/ Албанец/ друг | 6 | 7 | 3 | 4 | 7 | 7 | 10 |
| Само европеец | 3 | 3 | 3 | 5 | 1 | 1 | 2 |
| Не знам | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 | 3 |

# Сугестии од политички партии

–

Сугестиите од политичките партии, како детерминанта за поддршка на членството во ЕУ, се засноваат на претпоставката дека поради немањето доволно информации во врска со сложените процеси како што е пристапувањето во ЕУ, симпатизерите на политичките партии ги формираат своите мислења за тие процеси во согласност со официјалните ставови (за тие процеси) на партијата и на партиското раководство кое го симпатизираат. Лонгитудилната анализа на перцепциите на партиските симпатизери во врска со процесот на европска интеграција генерално го потврдува влијанието на сугестиите од политичките партии врз формирањето на ставови за членството во ЕУ кај симпатизерите на најголемите партии во Северна Македонија.

Трендовите што беа воспоставени во претходните години се очекува да продолжат и во 2021 година, со оглед на тоа  што главните позиции на двете најголеми политички партии во врска со политичкиот аспект на пристапниот процес беа конзистентни во текот на наведениот период. Во оваа смисла, СДСМ како водечка партија во владината коалиција продолжи со давањето висок приоритет на пристапниот процес во својата политичка агенда како и во својата комуникациска стратегија. Партијата силно ги поддржа напорите на Владата за деблокирање на процесот на пристапување преку вклучување во дискусии со бугарската влада а кои се однесуваат на многу чувствителни прашања поврзани со националниот идентитет. Од друга страна, ВМРО-ДПМНЕ, иако го поддржува целокупниот процес на евроинтеграции, беше многу критична кон пристапот на Владата во однос на решавањето на спорот со Бугарија и се залагаше за побалансиран пристап кој нема да ги поткопа националните интереси заради напредок во процесот на пристапување во ЕУ. Во оваа смисла, резултатите од истражувањето за 2021 година се конзистентни со резултатите од

претходната година. Поддржувачите на СДСМ и понатаму ја задржаа својата огромна поддршка за процесот на пристапување во ЕУ. Огромна бројка од 94% од гласачите на СДСМ го поддржува членството на Северна Македонија во ЕУ. Од друга страна, кај сите варијабли се забележува поизбалансирана дистрибуција во ставовите меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ. Мнозинството од испитаниците од оваа демографска структура го поддржува членството во ЕУ (55%), додека 22% имаат евроскептични ставови. Во споредба со претходната година, бројот на евроскептици кои се поддржувачи на ВМРО-ДПМНЕ се намали за речиси 15%.

**Графикон 4.**[7] Доколку следната недела се оддржи референдум за членство на Р. Северна Македонија во ЕУ, како би гласале?




---

7 Анализата ги зема предвид само податоците за двете најголеми партии во земјава ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Податоците за другите партии не се опфатени поради малата големина на примерокот. Вредностите кои се однесуваат на одговорите *Не знам* и *Нема да гласам* не се содржани во овој графикон.

Финално, забележливата разлика која постои во перцепциите на поддржувачите на двете политички партии во врска со состојбата на процесот на пристапување во ЕУ може да се забележи и во нивните многу различни ставови во однос на некои од варијаблите кои беа претходно анализирани во текстот. На пример, 70 отсто од симпатизерите на СДСМ се со став дека земјата во изминатава година оствари значителен напредок во евроинтеграциskiот процес. Спротивно на тоа, 60% од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека земјата воопшто не напредувала или дека назадувала во текот на 2021 година. На сличен начин, речиси 60% од поддржувачите на СДСМ се убедени во подготвеноста на земјата за членство во ЕУ. Ставот на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ по ова прашање е дијаметрално спротивен т.е. повеќе од 70% од испитаниците не мислат дека земјата е подготвена за членство во ЕУ.

# Информации за КАС

–

Слобода, правда и солидарност се основните начела врз кои почива работата на фондацијата Конрад Аденауер Штифтунг (КАС). КАС е политичка фондација тесно поврзана со Христијанската Демократска Унија на Германија (ЦДУ). Ние работиме на образовни програми за општеството и соработуваме со владини институции, политички партии, граѓански организации и избрани елити, градејќи силни партнерства. Заедно со нашите партнери даваме придонес кон создавањето на меѓународен поредок, кој овозможува секоја земја да се развива во духот на слободата и својата одговорност.

**Контакт податоци за КАС**

-

Адреса: ул. Ристо Равановски
бр.8, 1000 Скопје.
Телефонски број: +389 2 321 70 75
+389 23 21 70 76,
електронска пошта: Skopje@kas.de

# Информации за ИДСЦС

–

ИДСЦС е тинк тенк организација која го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Северна Македонија. ИДСЦС има мисија да ја помогне граѓанската вклученост во носењето на одлуки и да ја зајакне партиципативната политичка култура. Преку зајакнување на слободарските вредности, ИДСЦС придонесува на соживот помеѓу различностите.

**Контакт податоци за ИДСЦС**

-

Адреса: ул. Мирослав Крлежа
бр. 52/1 /2, 1000 Скопје
Тел. бр.: +389 2 3094 760 ,
електронска пошта: contact@idscs.org.mk

# Информација за авториот

**Иван Дамјановски** е професор на Политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Неговите истражувачки интереси се фокусираат на демократизација, европеизација на земјите кандидати за членство во ЕУ, проширувањето на ЕУ, теоријата за европска интеграција, и етнички идентитети.

# Линк

**Ова издание е електронски достапно на:**

-

https://idscs.org.mk/mk/2022/02/23/анализа-на-јавното-мислење-за-македон-2/

https://www.kas.de/en/web/nordmazedonien/publications